ГОДИНИ
ЛЕТ

# МАКЕДОНСКА - РУСКА
# СТОПАНСКА КОМОРА

# МАКЕДОНСКО - РОССИЙСКАЯ
# ТОРГОВО-ПРОМЫШЛЕННАЯ ПАЛАТА

**Скопје 2015 Скопье**

# СОДРЖИНА


05 | ПОЧЕТОЦИ, РАЗВОЈ, ДОСТИГНУВАЊА

07 | **Ѓорѓи Дика,**
претседател на Македонска-руска стопанска комора

11 | **Н.Е. Олег Николаевич Шчербак,**
амбасадор на Руската Федерација во Република Македонија

15 | **м-р Дејан Бешлиев,**
извршен директор на Македонска-руска стопанска комора

19 | ВТЕМЕЛЕНИ ВО ДЕЛОВНИОТ ЖИВОТ

23 | ПРЕСУДЕН ГЛАСОТ НА ЧЛЕНКИТЕ

25 | ПОСЕТА НА ПАРТНЕРСКИ КОМОРИ ВО РУСКИТЕ РЕГИОНИ

31 | ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО НА САЕМСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

37 | УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА МЕЃУВЛАДИНА КОМИСИЈА ЗА ТРГОВСКО ЕКОНОМСКА И НАУЧНО ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

39 | СЕЌАВАЊА И ПОРАКИ

41 | **Агарон Николаевич Асатур,**
Амбасадор на Руската Федерација во Република Македонија од 2002 до 2006 година

43 | **Минчо Јорданов,**
претседател на одбор на директори на МАКСТИЛ АД

45 | **м- р Илија Исајловски,**
поранешен амбасадор на Република Македонија во Руската федерација

47 | **Светозар Јаневски,**
претседател на Управниот одбор на ВВ „Тиквеш“

49 | **Сашо Наумоски,**
генерален директор на ПИ „Витаминка“ АД

51 | **Сашо Ристески,**
извршен директор на Македонската асоцијација на преработувачи – МАП

53 | ЧЛЕНКИ НА КОМОРАТА


# СОДЕРЖАНИЕ


05 | НАЧАЛО, РАЗВИТИЕ, ДОСТИЖЕНИЯ

07 | **Георги Дика,**
председатель Македонско-Российской торгово-промышленной палаты

11 | **Олег Николаевич Щербак,**
Е.П. Посол Российской Федерации в Республике Македонии

15 | **М-р Деян Бешлиев**
исполнительный директор Македонско-Российской торгово-промышленной палаты

19 | ЗНАЧИМОЕ МЕСТО В ДЕЛОВОЙ ЖИЗНИ СТРАНЫ

23 | РЕШАЮЩИЙ ГОЛОС ЧЛЕНОВ ПАЛАТЫ

25 | ПОСЕЩЕНИЯ ПАРТНЕРСКИХ ПАЛАТ В РОССИЙСКИХ РЕГИОНАХ

31 | ПРОДВИЖЕНИЕ МАКЕДОНСКОЙ ПРОДУКЦИИ НА ВЫСТАВКАХ

37 | УЧАСТИЕ В РАБОТЕ МЕЖПРАВИТЕЛЬСТВЕННОЙ КОМИССИИ ПО ТОРГОВО-ЭКОНОМИЧЕСКОМУ И НАУЧНО-ТЕХНИЧЕСКОМУ СОТРУДНИЧЕСТВУ

39 | ВОСПОМИНАНИЯ И ПОСЛАНИЯ

41 | **Агарон Николаевич Асатур,**
Посол Российской Федерации в Республике Македонии в 2002 -2006 гг.

43 | **Минчо Йорданов,**
Председатель совета директоров АО МАКСТИЛ

45 | **М-р Илия Исайловский,**
посол Республики Македонии в Российской Федерации

47 | **Светозар Яневский,**
председатель Управляющего совета винного завода «Тиквеш»

49 | **Сашо Наумоский,**
генеральный директор АО «Витаминка»

51 | **Сашо Ристеский,**
исполнительный директор Македонской ассоциации переработчиков овощей и фруктов (МАП)

53 | ЧЛЕНЫ ПАЛАТЫ



# ПОЧЕТОЦИ, РАЗВОЈ, ДОСТИГНУВАЊА

# НАЧАЛО. РАЗВИТИЕ. ДОСТИЖЕНИЯ





**Ѓорѓи Дика,**
претседател на Македонска-руска стопанска комора

**Георги Дика**
председатель Македонско-Российской торгово-промышленной палаты

# ПОСТОЈАНО И ТРПЕЛИВО РАБОТИМЕ НА ПОДЕМ НА БИЗНИС-РЕЛАЦИИТЕ

Сеќавањата ме враќаат на 25 март 2005 година, кога во рамки на третата седница на Македонско-руската меѓувладината комисија за трговско-економска и научно-техничка соработка, пред пошироката македонска јавност, беше промовирана Македонско-руската стопанска комора.

Само една година претходно, група од неколку ентузијасти, сопственици на компании кои соработуваа и/или имаа визија за соработка со Русија, а користејќи го моментот на коморскиот плурализам во државава и растечкиот тренд на создавање на мешовити комори, ја создадоа Македонско-руската стопанска комора.

Целта на нејзиното основање и постоење ја видовме во обновувањето, продлабочувањето и проширувањето на економските односи помеѓу Република Македонија и Руската Федерација. Нашите очекувања беа во правец на постојаното и квалитетното зголемување на развојот на билатералните економски односи во рамки на растечките можностите на македонските компании за исполнување на барањата на огромниот руски пазар.

# МЫ ПОСТОЯННО И ТЕРПЕЛИВО РАБОТАЕМ ДЛЯ ПОДЪЕМА ДЕЛОВЫХ ОТНОШЕНИЙ

Я помню, как 25 марта 2005 года в рамках третьего заседания Македонско-Российской межправительственной комиссии по торгово-экономическому и научно-техническому сотрудничеству на суд широкой македонской общественности была представлена Македонско-Российская торгово-промышленная палата.

Всего лишь за год до этого группа из нескольких энтузиастов, собственников компаний, которые сотрудничали и/или планировали сотрудничать с Россией, пользуясь плюрализмом палат в стране и растущим интересом к созданию смешанных палат, организовали Македонско-Российскую торгово-промышленную палату.

Цель её основания и существования нам виделась в обновлении, углублении и расширении экономических отношений между Республикой Македонией и Российской Федерацией. Наши ожидания были направлены в сторону постоянного и качественного увеличения развивающихся двусторонних экономических отношений в рамках растущих возможностей македонских компаний для выполнения требований огромного российского рынка.

Мојот личен предизвик беше да ги достигнеме бројките од вкупната размена со Руската Федерација од деведесетите години од минатиот век кога таа изнесуваше 1 милијарда долари, а се разбира и да биде избалансирана од двете страни.

Македонско-руската стопанска комора, благодарение пред сè на своите активни членки, но и на континуираната поддршка на релевантните институции во државава и секако на Амбасадата на Руската Федерација во Република Македонија успеа полека, но сигурно да го пробие патот кој води кон создавањето успешна клима за соработка со руските бизнис-партнери.

Една деценија постоење е релативно краток временски период, но во оваа пригода се потсетувам на неколку важни моменти кои значајно ја одбележаа работата на оваа Комора.

Моей личной целью было достичь количества общего товарооборота с Российской Федерацией периода девяностых годов прошлого века, когда он насчитывал 1 миллиард долларов, и чтобы он была сбалансирован в двух странах.

Македонско-Российской торгово-промышленной палате, прежде всего благодаря активности своих членов, а также постоянной поддержке соответствующих институций в стране и, конечно, Посольства Российской Федерации в Республике Македонии, удалось постепенно, но уверенно проложить путь, ведущий к созданию благоприятного климата для сотрудничества с российскими деловыми партнерами.

Десятилетие существования относительно короткий промежуток времени, но пользуясь случаем, напомню несколько значимых моментов в работе палаты.



Основачко собрание на Македонско-руската стопанска комора, 25 март 2005 година.
Учредительное собрание Македонско-Российской торгово-промышленной палаты, 25 марта 2005 года

Посебно би сакал да го потенцирам моментот кој можеби значеше и силна промоција на Комората на почетокот на нашата работа, Тоа беше преводот и издавањето на македонски јазик на книгата „Светот после 11 септември и нападите врз Ирак" од авторот Евгениј Примаков. Можноста да се издаде книгата на еден автор кој е ценет државник во светски рамки и кој во тој момент беше и прввиот човек на Стопанската комора на Руската Федерација претставуваше голем поттик за нашата натамошна работа.

Трпеливо работевме на трасирањето и на подемот на бизнис-релациите, а кон тоа посебно придонесоа посетите на компаниите – членки на Комората на Руската федерација и доаѓањето на тамошните деловни луѓе во земјава. Овие контакти придонесоа за подобро запознавање на бизнисмените, за лоци-

Мне бы хотелось особо подчеркнуть момент, который, возможно, стал сильным толчком в развитии Палаты в начале нашей работы. Это был перевод и издание на македонском языке книги „Мир после 11 сентября» и нападений на Ирак Евгения Примакова. Возможность издать книгу уважаемого в мире государственника и автора, который в тот момент являлся и первым человеком Торгово-промышленной палаты Российской Федерации представляла собой сильный толчок для нашей дальнейшей работы.

Мы терпеливо работали для продвижения и подъема деловых отношений, особую роль в этом сыграли визиты компаний - членов Палаты Российской Федерации и приезд их бизнесменов в нашу страну. Эти контакты внесли большой вклад для более плодотворного знакомства бизнесменов, определения проблем, име-

рање на проблемите што се јавуваат во меѓусебната размена и за постојано реагирање кај надлежните органи во двете земји за нивно отстранување. Врз основа на тие сознанија ги донесувавме нашите програми за работа, изработувавме разни проекти во функција на промоција и настап на македонските компании на пазарот на Руската Федерација, што е од голема корист за нашите членки. Целиот тој ангажман финализираше со зголемена трговска размена.

Сето ова немаше да го постигнеме без поддршка и помош на дипломатските претставништва на двете земји. Сакам да изразам голема благодарност до Амбасадата на Република Македонија во Руската Федерација. Соработката со амбасадорите и останатите вработени во нашето дипломатско преставништво во Москва целиот овој период беше на извонредно ниво и тие вистински се трудеа да ни помогнат во реализирањето на зацртаните проекти.

И со ангажманот на амбасадорите на Руската Федерација во Република Македонија и на други високи претставници од амбасадата беа остварени голем број посети на компании, членки на Комората. Посетите на Руската Федерација беа организирани за да понудат реални идеи и конкретна поддршка на компаниите за зголемена соработка.

И најголемата руска стопанска комора ја препозна нашата активност во правец на развивање на деловните односи меѓу компаниите. Затоа во септември 2009 година дојде до потпишување на Договорот за партнерски односи со Стопанската комора на Руската Федерација. Интензивната соработката со големата и моќна руска деловна асоцијација очекуваме да продолжи и во иднина. Притоа, желба ни е заеднички максимално да се потрудиме да влијаеме на намалување на големиот трговски дефицит што

ющихся в межгосударственной торговле, постоянное реагирование надлежащих органов в двух странах для их устранения. На основании этого, мы предлагаем наши программы для работы, разрабатываем разные проекты для продвижения и представления македонских компаний на российском рынке, что очень выгодно нашим членам. Вся эта деятельность привела в итоге к увеличению торгового обмена.

Ничего этого нам не удалось бы достичь без поддержки и помощи дипломатических представительств двух стран. Мне бы хотелось выразить глубокую благодарность Посольству Республики Македонии в Российской Федерации. Сотрудничество с послами и другими сотрудниками нашего дипломатического представительства в Москве в течение всего этого времени было на высочайшем уровне, они действительно старались нам помочь в реализации намеченных проектов.

Благодаря стараниям послов Российской Федерации в Республике Македонии и других высокопоставленных представителей посольства, было осуществлено большое количество визитов компаний, членов Палаты. Посещения Российской Федерации были организованы для предложения реальных идей и конкретной поддержки компаниям для увеличения сотрудничества.

Крупнейшая российская торгово-промышленная палата заметила нашу активность в отношении развития деловых отношений между компаниями. Поэтому в сентябре 2009 года был подписан Договор о партнерских отношениях с Торгово-промышленной палатой Российской Федерации. Мы ожидаем, что интенсивное сотрудничество с крупным и сильным российским бизнес-сообществом продолжится и в будущем. При этом мы хотим совместно максимально постараться, чтобы оказать влияние на уменьшение большого торгового дефицита, который есть у нашей



Потпишување на Договор за партнерство со Стопанската комора на РФ, 2009 година.
Подписание Договора о партнерстве с Торгово-промышленной палатой РФ, 2009 год

го има нашата земја во размената со Руската Федерација, а создавањето рамнотежа треба постапно да го правиме и во услови на сложената економска состојба во светот. Но токму тоа е нашиот мотив за посилен поттик на македонските извозници за настап на големиот рускиот пазар, особено на оние што се производители на земјоделски производи и пијалаци (овошје, зеленчук, тутун, вино).

Особено значајно за нас во Комората претставува продолжувањето на нашето активното учество во работната група за трговско-економска соработка, која е формирана во рамки на меѓувладината комисија за трговско-економска и научно-техничка соработка со Руската Федерација.

Сигурен сум дека македонските стопанственици како и многупати ќе потврдат дека тие се единствениот фактор кој може да ја дигне на нозе македонската економија. Во таа насока, најприоритетно место во македонската надворешна трговија треба да заземе обновувањето и зајакнувањето на стопанските односи со Руската Федерација. Според тоа, убедени сме дека Русија може да биде вистински стратешки партнер на Република Македонија.

Таквата наша верба ни укажува дека Македонско-руската стопанска комора и натаму треба да функционира како ефикасен стопански мост и субјект во процесот на остварувањето нови бизнис-релации со компании од братската земја. Затоа, нека се множат годините на Македонско-руската стопанска комора и нека таа и во иднина биде вистинскиот патоказ кон економските успеси на сите нејзини членки.

страны в торговле с Российской Федерацией, а уравновешивания необходимо постепенно добиваться в условиях сложной экономической ситуации в мире. Но именно это и мотивирует нас для более сильной поддержки македонских экспортеров для проникновения на большой российский рынок, особенно производителей сельскохозяйственных продуктов и напитков (фрукты, овощи, табак, вино).

Особое значение для нас в Палате имеет продолжение нашего активного участия в рабочей группе по торгово-экономическому сотрудничеству, которая сформирована в рамках Межправительственной комиссии по торгово-экономическому и научно-техническому сотрудничеству с Российской Федерацией.

Я уверен, что македонские предприниматели какимлибо образом подтвердят, что они являются единственным фактором, который может поднять на ноги македонскую экономику. В этом направлении наиболее приоритетное место в македонской внешней торговле должно занять обновление и укрепление экономических отношений с Российской Федерацией. Согласно этому, мы убеждены, что Россия может быть истинным стратегическим партнером Республики Македонии.

Эта наша уверенность убеждает нас, что Македонско-Российская торгово-промышленная палата и далее должна функционировать как эффективный экономический мост и субъект в процессе осуществления новых деловых отношений с компаниями из родственной страны. Поэтому мы желаем долгих лет Македонско-Российской торгово-промышленной палате, и пусть она и в будущем будет истинным указателем на пути к экономическим успехам всех её членов.



Обраќање на рускиот копретседател г-н Александар Дудунков на 3-та седница на МВК, 2005 година.
Выступление российского сопредседателя г-на Александра Дудуникова на 3-ем заседании МПК, 2005 год



**Олег Николаевич Шчербак,**
Амбасадор на Руската Федерација во Република Македонија

**Олег Николаевич Щербак**
Е.П. Посол Российской Федерации в Республике Македонии

## ЕКОНОМСКИТЕ ВРСКИ ПОМЕЃУ РУСИЈА И МАКЕДОНИЈА: ПРИДОНЕС НА МАКЕДОНСКА РУСКА СТОПАНСКА КОМОРА

Трговско економската соработка помеѓу Руската Федерација и Република Македонија се јавува како еден од најважните компаненти, на обезбедување на постојаност и динамика во двостраните односите во целост. Русија влегува во групата на најкрупни инвеститори и трговски партнери на Македонија. Особено е важно, што двете земји се насочени кон понатамошно и сестрано развивање на економската соработка.

Таквиот конструктивен правец, а исто така долгогодишното искуство на взаемно полезна соработка ни дозволува не само успешно да ги решаваме тековните прашања, да дејствуваме перспективно, односно со увереност да гледаме кон иднината. Трговско економските врски помеѓу Русија и Македонија чекор по чекор се зајакнуваат, подобрувајки ја заедничката деловна клима, расте обемот на руски инвестиции, и се поголем број на наши компании влегуваат на македонскиот пазар. Во ист правец дејствува и бизнис заедницата во Македонија, заинтересирана за зголемување на својот експорт во Русија.

## ЭКОНОМИЧЕСКИЕ СВЯЗИ МЕЖДУ РОССИЕЙ И МАКЕДОНИЕЙ: ВКЛАД МАКЕДОНСКО-РОССИЙСКОЙ ХОЗЯЙСТВЕННОЙ ПАЛАТЫ.

Торгово-экономическое сотрудничество между Российской Федерацией и Республикой Македонией является одним из важнейших компонентов, обеспечивающих устойчивость и динамизм двусторонних отношений в целом. Россия входит в число крупнейших инвесторов и торговых партнеров Македонии. Очень важно, что обе стороны нацелены на дальнейшее и всестороннее развитие экономического взаимодействия.

Такой конструктивный настрой, а также многолетний опыт обоюдовыгодного сотрудничества позволяют нам не только успешно решать текущие вопросы, но и действовать на перспективу, с уверенностью смотреть в будущее. Торгово-экономические связи между Россией и Македонией шаг за шагом укрепляются, улучшается их общий деловой климат, растет объем российских инвестиций, все больше наших компаний выходят на македонский рынок. В аналогичном ключе действует и бизнес-сообщество Македонии, заинтересованное в наращивании своего экспорта в Россию. Активную роль в этом играет



Промоција на првото издание на книгата „По еден пат со светот. Русија и Македонија“, 2011 година.
Презентация первого издания книги “По одной дороге с миром. Россия и Македония”, 2011 год

Активна улога во тоа игра Македонска Руска Стопанска Комора и нејзиното раководство.

За десет години работа Комората на дело ја докажа својата полезност како ефективен механизам, способен за проширување и зајакнување на директните врски помеѓу руските и македонските деловни кругови.

Клучен фактор за нејзина успешна работа се добро поставените и развиени односи со стопанските комори на различни руски региони, како и активно учество на специјализираните меѓународни саеми.

Македонско-российская хозяйственная палата и её руководство.

За десять лет работы Палата на деле доказала свою полезность как эффективный механизм, способствующий расширению и укреплению прямых связей между российскими и македонскими деловыми кругами. Ключевой фактор её успешной деятельности – хорошо налаженные и разветвленные контакты с торгово-промышленными палатами различных российских регионов, активное участие в международных специализированных выставках и ярмарках. Серьезным подспорьем в этой работе является изда-



Амбасадорот О. Н. Шчербак со г. Трајче Леов при посета на „Леов“ во Велес.
Посол О.Н.Щербак с г-ном Трайче Леовым во время визита в “Леов” в Велесе

Обраќање на амбасадорот О. Н. Шчербак на деловна средба во 2011 година.
Выступление Посла О.Н.Щербака на деловой встрече, 2011 год




Сериозна потпора во таа работа се јавува и издавањето со заеднички напори на Амбасадата на Русија и Комората на годишниот бизнис каталог „По еден пат со светот. Русија и Македонија“.

Раководството на Македонска Руска Стопанска Комора на постојана основа учествува на седниците на Меѓувладината руско-македонска комисија за трговско-економска и научно-техничка соработка, внесувајќи конструктивен придонес во работата на соодветните работни групи по прашањата кои претставуваат заеднички интерес.

На иницијатива на Македонска руска стопанска комора регуларно се одржуваат форуми со учество на Амбасадата на Русија во Македонија, со домашните ресорни министерства и агенции, деловните и општествените кругови. Подобен и широк формат на дијалог има важно значење за реално разгледување на состојбите и перспективите на двостраните односи, конкретни насоки за нивно понатамошно развивање.

Би сакал да му посакам на раководството и сите членови на Македонска руска стопанска комора развој, а исто така и нови успеси во нивната работа во корист на зајакнувањето и проширувањето на трговско економските и останати врски меѓу нашите земји.

ваемый совместными усилиями Посольства России и Палаты ежегодный бизнес-каталог «По одной дороге с миром. Россия и Македония ».

Руководство Македонско-российской хозяйственной палаты на постоянной основе участвует в заседаниях Межправительственной российско-македонской комиссии по торгово-экономическому и научно-техническому сотрудничеству, вносит конструктивный вклад в деятельность соответствующих рабочих групп по вопросам, представляющим взаимный интерес.

По инициативе Македонско-российской хозяйственной палаты регулярно проводятся форумы с участием представителей Посольства России в Македонии, местных профильных министерств и ведомств, деловых и общественных кругов. Подобный широкий формат диалога имеет важное значение для результативного обсуждения состояния и перспектив двусторонних отношений, конкретных направлений их дальнейшего развития.

Хотелось бы пожелать руководству и всем членам Македонско-российской хозяйственной палаты процветания, а также новых успехов в их деятельности на благо укрепления и расширения торгово-экономических и иных связей между нашими странами.





**м-р Дејан Бешлиев,**
извршен директор на Македонска-руска стопанска комора

**М-р Деян Бешлиев**
исполнительный директор Македонско-Российской торгово-промышленной палаты

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ СО ПАРТНЕРСКИТЕ КОМОРИ ВО РУСКИТЕ РЕГИОНИ

Заокружувањето на десетте години работа и одбележувањето на овој мал, но значаен јубилеј истовремено претставува и првиот чекор кон остварувањето на основните цели на Македонско-руската стопанска комора. Ние едноставно имаме јасна цел и визија како треба да продолжиме во идниот период.

Пред нас се години во кои ќе ги продлабочуваме досега воспоставените односи со партнерските комори во руските региони, но и ќе предложиме нови и современи идеи кои ќе го трасираат патот кон зголемувањето на економската соработката меѓу компаниите од двете земји. Во нашата визија за иднината несомнено главна улога ќе имаат потребите и насоките на нашите компании-членки.

Притоа, една од нашите континуирани задачи, што треба да влијае на интензивирањето на соработката, ќе биде насочена кон зголемувањето на бројот на членките, или поконкретно, ќе настојуваме да привлечеме компании со руски капитал што ќе бидат деловни субјекти во Република Македонија и ќе донесат нови руски инвестиции.

# УСТАНОВЛЕНИЕ И УГЛУБЛЕНИЕ ОТНОШЕНИЙ С ПАРТНЕРСКИМИ ПАЛАТАМИ В РОССИЙСКИХ РЕГИОНАХ

Подведение итогов десятилетней работы и празднование этого небольшого, но значимого юбилея представляет собой в то же время и первый шаг к осуществлению главных целей Македонско-российской торгово-промышленной палаты. Проще говоря, у нас есть определенная цель и представление о том, в каком направлении мы должны продолжать двигаться в будущем.

В последующие годы нам предстоит углубить уже установленные до сих пор отношения с партнерскими палатами в российских регионах, а также предложить новые и современные идеи, ведущие к увеличению экономического сотрудничества между компаниями двух стран. По нашему представлению, безусловно, главную роль в будущем будут играть потребности и направления наших компаний - членов.

При этом одна из наших постоянных задач, отражающих увеличение нашего членства, будет направлена на увеличение количества членов, точнее мы будем настаивать на привлечении компаний, которые будут являться деловыми субъектами в

Од досегашните искуства, ги детектиравме оние сегменти од соработката во кои има многу простор за надградба и развој во меѓусебните стопански односи на претставниците од бизнис-заедницата во двете земји. За таа цел, Македонско- руската стопанска комора изработи проект за идна промоција и настап на македонскиот стопански потенцијал во руските региони. Но притоа се надеваме дека ќе успееме овој наш проект да го издигнеме до ниво на национална стратегија за економска соработка со Руската Федерација. Секако, во таа намера многу сериозно сметаме на соработката со македонските релевантни институции, како од владиниот така и од невладиниот сектор, се разбира, вклучувајќи ги и деловните здруженија.

Искрено се надеваме дека со овој проект ќе успееме да го зголемиме интересот кај компаниите од двете земји и дека ќе ги поттикнеме на соработка, која ќе доведе до зголемен извоз и увоз на материјални добра, но истовремено и до размена на идеи. Во тој правец одбележувањето на јубилејот на Македонско-руската стопанска комора го збогативме и со издавањето на првиот аудио и видео македонско-руски бизнис-разговорник, кој ќе им биде алатка на деловните луѓе при нивниот настап на пазарот.

Особено внимание во работата на Комората ќе посветиме на искористувањето на инструментите што се индиректно поврзани, а сепак, недоволно застапени во насоката за воспоставување поефикасни економски врски. Имено, сметаме дека руските федерални стипендии за додипломски и постдипломски студии, кои се достапни преку амбасадата на Руската Федерација во Република Македонија, а во соработка со Министерството за образование и наука на Република Македонија, покрај образовниот елемент, претставуваат одлична можност за создавање основа за квалитетни врски со идните потенцијални бизнис-партнери. Токму затоа планираме потесна соработка со нашите членови, заради нивно поинтезивно запознавање со оваа многу интересна и важна алатка за бизнисот и нејзино максимално искористување.

Исто така, сакаме да се посветиме на соработката со компаниите што работат на полето на новите и висо-

Республике Македонии с российским капиталом и принесут новые российские инвестиции.

Основываясь на полученном опыте, мы выделили те сегменты сотрудничества, в которых есть большой простор для строительства и развития в межгосударственных экономических отношений представителей бизнес-сообщества в двух странах. Для этой цели  Македонско-Российская торгово-промышленная палата выработала проект для будущего продвижения  и представления македонского экономического потенциала в российских регионах. Однако при этом мы надеемся, что нам удастся  довести этот проект до уровня национальной стратегии экономического сотрудничества с Российской Федерацией. Конечно, для достижения данной цели мы очень рассчитываем на сотрудничество с македонскими соответствующими институциями, как правительственного, так и неправительственного сектора, включая, безусловно, и деловые сообщества.

Мы искренне надеемся, что этот проект поможет нам увеличить интерес и подтолкнет компании из двух стран к сотрудничеству, в результате которого увеличиться импорт и экспорт материального хозяйства, а вместе с тем и обмен идеями. Двигаясь в этом направлении, празднование юбилея Македонско-Российской торгово-промышленной палаты мы обогатили и изданием первого аудио и видео македонско-русского бизнес разговорника, который будет помогать бизнесменам в их представлении на рынке.

Особое внимание в работе Палаты мы планируем посвятить использованию инструментов, косвенно связанных и все же недостаточно использованных для установления более эффективных экономических связей. Так, мы считаем, что российские федеральные стипендии додипломного и постдипломного образования, доступные благодаря Посольству Российской Федерации в Республике Македонии и его сотрудничеству с Министерством образования и науки Республики Македонии, помимо образовательного элемента, представляют


Бизнис-форум со Ленинградската регионална комора - Санкт Петербург, 2014 година.
Бизнес-форум с Ленинградской региональной палатой, Санкт-Петербург, 2014 год

Четврто издание на книгата „По еден пат со светот. Русија и Македонија"- Скопје, 2014 година.
Четвертое издание книги "По одной дороге с миром. Россия и Македония",- Скопье, 2014 год



ките технологии на иднината. Уверени сме дека на тој начин ќе се зголеми додадената вредност во размената со Руската Федерација, а притоа ќе отвориме и нови хоризонти за младите и современи стопанственици и компании.

Ова се само дел од плановите за идниот ангажман на Македонско-руската стопанска комора во правец на задржувањето на континуитетот во дејствувањето, но и во остварувањето на натамошниот развој. Свесни сме дека задачите што ги имаме зацртано се сериозни и бараат голем труд, но истовремено, уверени сме дека се издржани и реални. Пред нас има многу простор за докажување и долг пат за остварување на визијата за постоење на деловна асоцијација што ќе биде неодминлив дел од економските релации меѓу двете земји, коишто од ден на ден стануваат сè поинтензивни и сè подлабоки.

Умните народи велат дека и најдолгиот пат започнува со првите чекори. Ние тој „мал" чекор го направивме пред една деценија, секако благодарение на поддршката од членките на Комората и на оние кои со сите сили се залагаат за што потесни економски врски меѓу нашите две земји. Ние остануваме со верба дека нашите чекори кон иднината ќе бидат сè покрупни и економски посилни!

собой отличную возможность для создания качественных связей с будущими потенциальными бизнес-партнерами. Именно поэтому мы планируем более тесное сотрудничество с нашими членами в сфере их более интенсивного знакомства и использования этого очень интересного и важного инструмента для бизнеса.

Кроме того, мы хотим уделить внимание сотрудничеству с компаниями, которые работают в области новых и высоких технологий будущего. Мы уверены, что таким образом увеличится привнесенная ценность в обмене с Российской Федерацией, и при этом мы откроем новые горизонты для молодых и современных предпринимателей и компаний.

Это только часть планов для будущей деятельности Македонско-Российской торгово-промышленной палаты в направлении сохранения континуитета в работе, а также осуществлении дальнейшего развития. Мы осознаем, что задачи, которые мы перед собой поставили, серьезные и требуют больших усилий, но в то же время мы уверены, что они вполне реальны и мы сможем их выполнить. Перед нами большой простор для доказательства и длинный путь для осуществления нашего представления о существовании бизнес-сообщества, которое будет неотделимой частью экономических отношений между двумя странами, которые изо дня в день становятся все более интенсивными и глубокими.

Говорят, что самый длинный путь начинается с первого шага. Мы этот „маленький" шаг сделали десятилетие назад, благодаря поддержке членов Палаты и тех, кто изо всех сил трудится для создания как можно более тесных экономических связей между двумя нашими странами. Мы полны уверенности, что наши шаги к будущему будут еще более долгими и экономически сильными!


г-н Дејан Бешлиев, бизнис-форум во Москва, 2011 година
г-н Деян Бешлиев, бизнес-форум в Москве, 2011 год



# ВТЕМЕЛЕНИ ВО ДЕЛОВНИОТ ЖИВОТ НА ЗЕМЈАТА

# ЗНАЧИМОЕ МЕСТО В ДЕЛОВОЙ ЖИЗНИ СТРАНЫ



Деловна средба „Во ЕУ преку економска соработка со РФ", 2008 година.
Деловая встреча "В ЕС через экономическое сотрудничество с РФ", 2008 год

По официјализирање на работата на Македонско-руската стопанска комора на 25 март 2005 година, на членовите на Управниот одбор им стана јасно дека дури сега претстои вистинскиот ангажман и докажување. Како што беше забележано, во Програмата за работа беа заземени неколку важни правци во дејствувањето.

Една од првите задачи беше институционалното поврзување со министерствата при Владата на Република Македонија со кои Комората во иднина требаше тесно да соработува, потоа со градоначалниците и со органите на локалните самоуправи низ државата, и секако воспоставувањето на потесна соработка со во тоа време канцеларијата на економскиот претставник од Руската Федерација во Република Македонија, а преку тоа и со амбасадата на Руската Федерација во земјава.

Сосема е нормално што на почетокот контактите не одеа со леснотија. Но од оваа историска дистанца, сепак денес Македонско-руската стопанска комора сесрдно се заблагодарува на луѓето што работат во државниот апарат, коишто покажаа симпатии и ја прифаќаа реалноста дека една таква млада деловна асоцијација се одважила да се зафати со предизвикот да се обноват и засилат економските релации со деловните партнери од Руската Федерација.

Првенствено, целта на Комората беше омасовувањето со што е можно поголем број членки кои реално се заинтересирани да бидат дел од една ваква институција, која пред сè ја одразува економската соработка помеѓу двете пријателски и блиски земји како што се Република Македонија и Руската Федерација.

После официализации деятельности Македонско-Российской торгово-промышленной палаты 25 марта 2005 года членам Управляющего совета стало ясно, что именно сейчас предстоит серьезная работа и подтверждение своего статуса. Как уже было отмечено, в рабочую программу были включены несколько важных направлений в работе.

Одна из первых задач заключалась в налаживании взаимодействия с министерствами при Правительстве Республики Македонии, с которыми Палате предстояло в будущем тесное сотрудничество, а также с мэрами городов и органами местного самоуправления в Македонии, и, конечно, в организации более тесного взаимодействия с канцелярией представителя Российской Федерации по экономическим вопросам в Республике Македонии, а, соответственно, и с Посольством Российской Федерации в Македонии.

Естественно, сначала было нелегко устанавливать контакты. Но сегодня, оглядываясь назад, Македонско-Российская торгово-промышленная палата от всего сердца благодарит людей, работающих в государственном аппарате, которые проявили симпатию и признали, что такое молодое бизнес-сообщество отважилось принять вызов и взяться за обновление и укрепление экономических отношений с деловыми партнерами в Российской Федерации.

В первую очередь Палата поставила перед собой цель расширить свой численный состав как можно большим количеством членов, действительно заинтересованных стать частью такого сообщества, которое прежде всего отражает экономическое взаимодействие между двумя дружественными и близкими странами, какими являются Македония и Россия.

Во таа мисија, претседателот на Комората, извршниот директор, како и членовите на Управниот одбор се мобилизираа и направија акционен план, кој постапно беше целосно реализиран. Со помош на локалната самоуправа беа одржани промоции на тогаш новата Комора во секој град од земјава. На тој начин претставниците на бизнисот можеа изворно да слушнат што може да им понуди Македонско-руската стопанска комора. На овие средби по македонските градови многу често учествуваше и економскиот советник во амбасадата на Руската федерација, што само претставуваше доказ дека оваа новоформирана деловна асоцијација е многу сериозна во напорите да успее да стане првото место за соработка, на деловните луѓе при остварувањето на нивните бизнис-потфати на големиот руски пазар. Оваа препознатливост придонесе полека, но сигурно да се создаде почетната база на компании кои стануваа дел на Македонско-руската стопанска комора.

Исполняя эту миссию, председатель Палаты, исполнительный директор и члены Управляющего совета мобилизовались и составили план действий, который постепенно был полностью реализован. С помощью местного самоуправления состоялись презентации новой Палаты во всех городах страны. Таким образом, бизнесмены смогли из первых рук получить информацию о том, какие возможности им предлагает Македонско-Российская торгово-промышленная палата. В этих презентациях, проводившихся в македонских городах, часто принимал участие советник по экономическим вопросам Посольства Российской Федерации, что само по себе было доказательством, что новое бизнес-сообщество настроено решительно в своих попытках занять первое место в сфере сотрудничества бизнесменов при осуществлении своих коммерческих предприятий на крупном российском рынке. Это признание медленно, но верно способствовало созданию начальной базы из компаний, ставших частью Македонско-Российской торгово-промышленной палаты.



Трибина „Руската Федерација постојан предизвик за македонското стопанство", 2010 година.
Публичное выступление "Российская Федерация – постоянный вызов для македонской экономики", 2010 год

На почетокот од големо значење беше и зачленувањето на оние компании кои веќе беа етаблирани на рускиот пазар и значајно го познаваа водењето на бизнисот во оваа земја. Тие беа предводници на сите активности што ги преземаше Македонско-руската стопанска комора и основен двигател на нејзината динамика во корелација со основното мото „МОСТ ЗА ЕКОНОМСКО ПОВРЗУВАЊЕ".

Во афирмацијата на новата деловна асоцијација во Република Македонија многу придонесоа и често организираните јавни трибини на кои се дебатираше за разни аспекти од меѓусебните економски односи на двете земји, со присуство на стручни лица и бизнисмени, искусни познавачи на приликите.

Првата трибина беше одржана на 23.11.2005 година пред 45 присутни компании. Поздравниот говор одржа г. Н.Е. Агарон Николаевич Асатур, амбасадорот на Руската Федерација во РМ. Трибината беше одраз на претходната посета на Воронеж и Лепецк и можностите за бизнис кои таму се нудат.

Буквално секоја своја годишнина Комората ја одбележуваше и со јавна трибина на која се отвораа акту-

В самом начале большое значение имело включение в состав тех компаний, которые уже были представлены на российском рынке и были прекрасно знакомы с ведением бизнеса в России. Они были во главе всех начинаний Македонско-Российской торгово-промышленной палаты и представляли собой основной двигатель её развития в соответствии с главным лозунгом «МОСТ ДЛЯ ЭКОНОМИЧЕСКОГО ВЗАИМОДЕЙСТВИЯ».

Для признания нового бизнес-сообщества в Македонии важную роль сыграли часто организованные публичные выступления, на которых обсуждались разные аспекты двусторонних экономических отношений двух стран, с участием специалистов и бизнесменов, опытных знатоков своего дела.

Первое такое выступление состоялось 23.11.2005 года перед 45 присутствовавшими компаниями. Приветственное слово произнес Агарон Николаевич Асатур, Е.П. Посол Российской Федерации в Македонии. Выступление было посвящено прошедшему визиту в Воронеж и Липецк и возможностям для бизнеса, которые они предлагают.

Буквально каждую годовщину своего основания Палата отмечает организацией публичного выступления, на

елни теми за меѓусебната размена и за економските релации меѓу двете земји. Еве некои од темите кои беа застапени на јавните трибини почнувајќи од 2006 година: „Соработката со Русија и нејзините региони“, „Во ЕУ преку Русија“, „Деблокирање на македонските извозни потенцијали“, „Руската Федерација – постојан предизвик за македонските производители“ ...

За Комората беше особено значајно што трибините беа постојано поддржувани и што на нив учествуваа вицепремиерите на македонската Влада, министрите кои ги покриваат економските ресори и кои беа задолжени и одговорни за економската соработка на земјава со Руската Федерација. Во 2005 година тоа беше г. Минчо Јорданов и потоа од 2006 година до денес, м-р Зоран Ставрески. На овие стручни собири постојано беа присустни и даваа голема поддршка и сите амбасадори на Руската федерација во Република Македонија, г. Агарон Николаевич Асатур, г. Владимир Дмитриевич Солоцински и г. Олег Николаевич Шчербак.

Врз основа на договорената соработка со Стопанската комора на Руската Федерација и со Стопанската комора на Македонија, беа одржани семинари за акредитација на македонските компании во Руската Федерација со учество на руски експерти, како и семинари за стандардизација на македонските производи што се пласираат на рускиот пазар.

Одличните релации со останатите стопански комори во Република Македонија беа манифестирани и со потпишувањето на Меморандумот за меѓусебна соработка што беше предложен од Стопанската комора на Македонија.

За Македонско-руската стопанска комора беше особено значајно воспоставувањето на одлична институционална соработка со Стопанската комора на Македонија, најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјата. Со неа, во 2008 и 2010 година беа одржани две големи јавни панел дискусии со присуство на многу еминентни гости од политичкиот и економскиот живот во земјата. Секако, соработката

котором поднимаются актуальные вопросы двусторонней торговли и экономического взаимодействия между двумя странами. Вот несколько тем, которые обсуждались на публичных выступлениях, начиная с 2006 года: «Сотрудничество с Россией и её регионами», «В ЕС через Россию», «Разблокирование македонского экспортного потенциала», «Российская Федерация – постоянный вызов для македонских производителей»...

Особенно важно для Палаты, что выступления всегда имели поддержку и что в них принимали участие вице-премьеры македонского правительства, министры, занимающиеся вопросами экономики и ответственные за экономическое сотрудничество Македонии с Россией. В 2005 году это был Минчо Йорданов, затем с 2006 г. и до настоящего момента - Зоран Ставреский. На этих профессиональных собраниях всегда присутствовали и оказывали всяческое содействие и все послы Российской Федерации в Республике Македонии – Агарон Николаевич Асатур, Владимир Дмитриевич Солоцинский и Олег Николаевич Щербак.

На основании договоренности о сотрудничестве с Торгово-промышленной палатой Российской Федерации и Торгово-промышленной палатой Македонии были проведены семинары об аккредитации македонских компаний в России с участием российских экспертов, а также семинары о стандартизации македонских товаров, поставляемых на российский рынок.

Прекрасное взаимодействие с остальными торгово-промышленными палатами в Республике Македонии подтверждается подписанием Меморандума о двустороннем сотрудничестве, предложенного Торгово-промышленной палатой Македонии.

Для Македонско-Российской торгово-промышленной палаты было особенно важно налаживание отличного взаимодействия с Торгово-промышленной палатой Македонии, наиболее старым и многочисленным бизнес-сообществом в стране. В сотрудничестве с ней в 2008 и 2010 году было проведено два крупных дискуссионных форума с участием многих именитых гостей из политической и экономической жизни страны. Без-



Посета на Стопанската комора на Самара на Македонија, 2012 година.
Посещение Македонии Торгово-промышленной палатой Самары, 2012 год

со Стопанската комора на Македонија продолжи и понатаму, па така во 2012, 2103 и 2014 година беа одржани многу заеднички прес-конференции и работни семинари за предностите на економска соработка со Руската Федерација.

Високиот рејтинг што полека, но сигурно го стекна Македонско-руската стопанска комора се одрази и на нејзиното присуство во медиумскиот простор во Република Македонија. Речиси да нема текст кој се однесува на економската соработка меѓу двете земји, а да не е цитиран некој од челните луѓе од Комората. Чести се и интервјуата со извршниот директор и со претседателот на Управниот одбор и со претставници на членките на Комора. За одбележување е и учеството на големата јавна дебата што ја организираше највлијателниот економски неделник во земјата „Капитал“ во 2012 година.

Севкупно земено, досега беа одржани седум јавни трибини, три панел дискусии, 12 промоции на Комората, повеќе од 30 телевизиски и повеќе од 50 интервјуа за македонските медиуми. Учеството на телевизиските програми беше значајна можност за промоција на активностите, но и потврда за тоа дека нејзиниот став сè повеќе се цени, се афирмира и е неодминлив во јавноста и посебно во бизнис-заедницата.

Важно е да се спомене дека и при посетите во Руската Федерација задолжително беше пројавуван интерес за Комората и за нејзините ставови, мислења, предлози и пораки од страна на водечките руски медиуми, како што се ИТАР ТАСС, РТР Планета и некои регионални и локални телевизии, но и од медиуми од други држави, како што е пример телевизијата Б92, ТВ Војводина и други локални телевизии од Србија и од соседните држави. Нивниот интерес најчесто се однесуваше на работата на Комората како организатор на национални штандови во Руската Федерација.

условно, сотрудничество с Торгово-промышленной палатой Македонии продолжилось и далее, в 2012, 2013 и 2014 годах состоялось много пресс-конференций и рабочих семинаров о преимуществах экономического сотрудничества с Россией.

